ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Број: 03-2139/1
16-02-2023 .2023 година
Скопје

**До**
**ПЗУ од специјалистичка здравствена заштита**

**Копија до**
**Подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување на РСМ**

**Предмет:** Известување за начинот на работење на приватните здравствени установи од специјалистичка здравствена заштита, во услови кога информатичкиот систем на Фондот не е во функција

Почитувани,

На ден 06.02.2023 година настана прекин во работата на информацискиот систем на Фондот, поради што се појавија низа предизвици како за Фондот, така и за осигурените лица и за здравствените установи кои имаат склучено договори со Фондот да обезбедуваат здравствени услуги за осигурениците на сите нивоа на здравствена заштита (примарно, секундарно и терцијарно ниво).

Во тој контекст сакаме да Ве известиме дека Фондот ги презема сите мерки и активности за да обезбеди наскоро враќање во функција на информацискиот систем.

Во меѓувреме, здравствените установи непречено треба да пружаат здравствени услуги на осигурените лица и тоа на следниот начин:

1. **Проверка на платен придонес за здравствено осигурување заклучно со 05.02.2023 година**

Податоците за платен придонес во системот Мој термин се преземени од Фондот, заклучно со 05.02.2023 година. Овој податок, приватната здравствена установа, може да го провери во системот Мој термин. Доколку при извршената проверка за лицето се констатира дека имало активно осигурување заклучно со 05.02.2023 година, здравствената установа може да ја пружи здравствената услуга.

2. **Проверка на платен придонес за здравствено осигурување после 05.02.2023 година**

За осигурениците за кои не е регистрирана уплата на придонес за здравствено осигурување во системот на Мој Термин до 05.02.2023 година, Фондот по службена должност ќе обезбеди доказ за платен придонес од системот на УЈП, пред пружање на здравствената услуга.

За да се направи проверка на платениот придонес потребно е да се преземат следните активности:

- Да се земат податоци од осигуреното лице и негов телефонски број за контакт,
- Да се достави барање за проверка на платениот придонес за осигуреното лице на е-маил адреса на овластените службени лица наведени во соопштението на Фондот (во прилог). Доставувањето на ова барање може да се врши секој работен ден. По вакво барање, службено лице на Фондот треба да ги достави бараните податоци на е-маил на лицето кое ги побарало.

- По добиен одговор од службеното лице на Фондот, доколку нема уплата на придонес здравствената установа го информира осигуреното лице дека лекувањето не може да се спроведе на товар на средствата на Фондот.

Приватната здравствена установа не треба да врши проверка на платен придонес за следните категории на осигуреници:
- пензионери
- лица кои здравствено осигурување користат преку МТСП
- лица кои здравствено осигурување користат како невработени лица преку Министерство за здравство

Основот на осигурување на лицата од наведените категории ќе се проверува со увид во здравствена легитимација и лична карта/пасош.

**3.<u>Прием на пациенти со специјалистички упат и креирање на специјалистички упат</u>**

- За осигурените лица кои се евидентирани во системот на Мој Термин **до 05.02.2023 година**, здравствена установа може да креира упати преку системот на Мој термин.
- Кога осигуреното лице ќе дојде со упат од друга здравствена установа издаден **до 05.02.2023 година** преку системот на Мој Термин, здравствената установа е должна да го прифати.
- По исклучок кога не може да издаде упат за лица кои не се евидентирани во системот на Мој Термин **после 05.02.2023 година**, здравствената установа издава упат во хартиена форма, заверен со факсимил на лекарот и печат на здравствената установа (по проверка на платен придонес од точка 2 на овој допис) .
- Кога осигуреното лице ќе дојде со упат во хартиена форма (заверен со факсимил на лекарот и печат на здравствената установа, издаден од друга здравствена установа за лице кое не е евидентирано во системот на Мој Термин **после 05.02.2023 година**, здравствената установа е должна да го прифати (по проверка на платен придонес од точка 2 на овој допис).

Со почит,

**ДИРЕКТОР,**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**По Овластување бр. 04-2349/1 од**
**Me Autorizimin nr. 04-2349/1me datë 02.02.2023**
**Директор на Сектор за управување со човечки ресурси**
**Drejtor I Sektorit të menaxhimint të burimeve njerëzore**
**Fatime Idrizi**

Изготвил:
м-р. Даниела Јовческа – Ѓуровска
Согласен:
д-р Игор Неловски
Ардиан Рашиди
Миле Сугарев
Јасмина Смилевска

**ПРИЛОГ 1**

***Список на вработени лица од ФЗОРСМ и Подрачни служби кои привремено ќе извршуваат работни задачи во регионалните дирекции на УЈП и Централната служба на УЈП***

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА на УЈП – Битола**

***( Охрид,Струга, Ресен,Демир Хисар)***

Александар Петковски- Информатичар ПС Битола fzobitola@fzo.org.mk тел-076-339-167

Менде Силјановски-Контролор за исплата на боледување fzombitola@fzo.org.mk

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА на УЈП – Скопје**

Рената Стефановска -Соработник за комплетирање документација ПС Скопје fzoskopje@fzo.org.mk

Анета Качакова- Контрола на придонес – ПС Скопје fzocrvenkrst@fzo.org.mk тел-075-383-247

Идриз Бајрам – Соработник за сметководствени работи -Централа ФЗОРСМ fzocentrala@fzo.org.mk тел-075-383-297

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА на УЈП – Прилеп**

***(Кавадарци, Неготино, Велес,Крушево,Македонски Брод )***

Панчо Тренкоски -Соработник – ПС Прилеп fzoprilep@fzo.org.mk

Елтон Ислами-Референт за пресметување на боледување fzomprilep@fzo.org.mk

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА на УЈП – Тетово**

***( Гостивар,Кичево,Дебар)***

Дритон Исмани ПС Тетово fzotetovo@fzo.org.mk

Агон Бајрактари-Референт финансии и трезорско работење fzomtetovo@fzo.org.mk

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА на УЈП – Струмица**

***(Берово,Гевгелија,Радовиш, Валандово)***

Димитар Пројков ПС Струмица fzomstrumica@fzo.org.mk

Силвана Бјадова-Референт за боледување fzostrumica@fzo.org.mk

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА на УЈП – Штип**

***(Куманово,Крива Паланка,Кочани,Виница,Делчево,Кратово,Пробиштип,Штип,Свети Николе )***

Ристе Ристовски-Референт за ортопедски помагала ПС Штип fzostip@fzo.org.mk тел-071-386-330

Горан Карашов -Соработник fzomstip@fzo.org.mk